ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 7457/2***
***22.04.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LII -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 22.04.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, претставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р. Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, директор на секторот за финансии;*
- *Зоран Крајоски, директор на секторот за контрола;*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар.*

*Претседателот на Управниот одбор Фисник Ибраими ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни сите седум членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LI -та седница на Управниот одбор одржана на 27.02.2009 година*

1. *Изменување и дополнување на Програмата за инвестиции на Фондот и подрачните служби за 2009 година;*
2. *Извештаи од извршени ДСГ контроли за февруари и март 2009 година;*
3. *Годишен извештај од извршени ex - ante финансиски контроли во јавните здравствени установи во 2008 година;*
4. *Предлог за изменување на буџетскиот плафон на ЈЗУ Здравствен дом Железничар - Скопје;*
5. *Известување од Бирото за лекови;*
6. *Разно.*

*Потоа побара Управниот одбор да расправа за утврдување на цена на здравствената услуга хемодијализен третман кај хроничната бубрежна инсуфициенција за што со предлог цени е упатено и писмо од министерот за здравство. Праша и дали има други предлози за проширување на дневниот ред.*

*Директорот Тренкоски побара да биде разгледан и Предлогот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата.*

*Членовите на Управниот одбор ги прифатија предлозите, по што едногласно го усвоија следниот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

- *Усвојување на записникот од LI -та седница на Управниот одбор одржана на 27.02.2009 година*

1. *Изменување и дополнување на Програмата за инвестиции на Фондот и подрачните служби за 2009 година;*
2. *Извештаи од извршени ДСГ контроли за февруари и март 2009 година;*
3. *Годишен извештај од извршени ex - ante финансиски контроли во јавните здравствени установи во 2008 година;*
4. *Предлог за изменување на буџетскиот плафон на ЈЗУ Здравствен дом Железничар - Скопје;*
5. *Известување од Бирото за лекови;*

6. *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата;*
7. *Утврдување на цена на здравствената услуга хемодијализен третман кај хроничната бубрежна инсуфициенција;*
8. *Разно:*

8.1 *Барање од Министерството за здравство за плаќање на банкарска провизија за јапонскиот грант за Проектот Подобрување на медицинската опрема за примарната здравствена заштита (фаза 2)*

8.2 *Барање од ЈЗУ Јасеново за корекција на буџетскиот плафон и Предлог од Клиниката за хематологија за ребаланс на буџетот*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LI -та седница на Управниот одбор одржана на 27.02.2009 година*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од LI -та седница на Управниот одбор, одржана на 27.02.2009 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Изменување и дополнување на Програмата за инвестиции на Фондот и подрачните служби за 2009 година*

*Објаснување по оваа точка даде Ромела Поповиќ Трајкова. Таа објасни дека во важечката Програма за инвестиции се предлагаат неколку измени. По барање на подрачните служби се стави акцент на уредување на шалтерите. Исто така се предвидува реконструкција на сервер салата во централата на Фондот. Иако за тоа имаме потреба, заради препораките на Владата не планираме набавка на автомобили.*

*Снежана Костадиноска Милошеска укажа дека најпрвин треба да се види дали по ребалансот на државниот буџет соодветната ставка ќе остане на нивото од 52 милиони. Во врска со набавката на мебел, согласно мерките на Владата ќе треба да се исфрли таа ставка, додека кај информатичката опрема ќе треба да се види колку средства ќе останат.*

*Директорот Јелникар укажа дека некои од предвидените работи може да се одложат но некои мора да се реализираат, пред се систем салата.*

*Директорот Тренкоски пак, нагласи дека е потребно да се прифатат предложените промени на Програмата за да може да се реализираат некои од неопходните постапки. Доколку подоцна бидат намалени средствата со ребалансот, не постои пречка да се запрат постапките за набавка.*

*И Ромела Поповиќ Трајкова потврди дека кога ќе биде извршен ребаланс на буџетот, Фондот ќе реагира веднаш и ќе ја прилагоди Програмата.*

*По ова, Горан Коевски предложи да се прифатат измените на Програмата. Доколку се изврши намалување на одредени ставки од државниот буџет, Фондот веднаш да реагира и да се предложат измени на Програмата прилагодени на новиот буџет, односно да се изменат тие делови за кои ќе се бришат средствата.*

*Фисник Ибраими го стави овој предлог на гласање.*

*За предлогот гласаа Фисник Ибраими, Страшо Наумоски, Горан Коевски, Трајче Леов, Борис Јосифовски и Љубиша Каранфиловски, а Снежана Костадиноска Милошеска беше против.*

*На тој начин, Управниот одбор ја донесе предложената*

***Измена и дополнување на Програмата за инвестиции на Фондот и подрачните служби за 2009 година***

*и*

***Заклучок:** По објавувањето на ребалансот на Буџетот на Република Македонија, да се изврши усогласување на Програмата со него и да се извршат измени во деловите за кои ќе бидат бришани средствата.*

***ТОЧКА 2 -** Извештаи од извршени ДСГ контроли за февруари и март 2009 година*

*Извештајот од извршените ДСГ контроли го презентира Зоран Крајоски. Тој објасни дека од моментот на имплементирање на ДСГ методата, приоритет беше да обезбеди негова унифицирана примена. За да се обезбеди тоа, Фондот заедно со комитетот за ДСГ беше постојано присутен во јавните здравствени установи. Во првото тримесечје беа извршени 210 ДСГ контроли кај 50 субјекти кои фактурираат по таа метода. По секоја контрола се изготвува записник кој го потпишуваат и раководителите во здравствените установи. Потоа во рок од 15 дена до установата се доставува известување со укажување на констатираните пропусти. На овие известувања имаше многу малку приговори од страна на здравствените установи. Фондот, покрај месечните извештаи изготвува и наменски извештаи кои се однесуваат на состојбите во одредена здравствена установа. Може да се забележи дека има подобрување на работата во здравствените установи во примената на ДСГ методата но загрижува што некои покрупни пропусти забележани при претходни контроли се повторуваат. За констатираните неправилности се доставуваат известувања до правниот сектор заради преземање мерки во согласност со договорите помеѓу Фондот и здравствените установи. Пречка во вршењето на контролите претставува недоволните овластувања. Меѓу останатото и неможноста за увид во медицинската документација од која се гледа кои услуги се дадени. Во врска со тоа и до Министерството за здравство упативме иницијатива за законски измени кои ќе ги зголемат овластувањата. Во сите земји каде разменувавме искуства се врши секојдневна статична контрола на фактурирањето. Во отсуство на медицина базирана на докази,*

*постои тенденција кај болниците да фактурираат цела услуга иако е извршена само делумно.*

*Снежана Костадиноска Милошеска укажа дека Фондот треба да бара кон фактурите да бидат приложени докази за направените трошоци, како и да се знае кој ја составува фактурата, односно кој одговара за нејзината точност.*

*Љубиша Каранфиловски истакна дека и во другите земји кои преминуваат на ДСГ системот се соочуваат со слични проблеми. Се појавуваат ситуации кога лекарите повеќе внимание посветуваат на составувањето на фактурите отколку на пациентите.*

*Директорот Јелникар наведе оти смета дека и Министерството за здравство треба да се вклучи во имплементирањето на ДСГ системот. Иако тоа не е сторено од самиот почеток сеуште не е доцна за да даде важен придонес.*

*Горан Коевски праша дали Комитетот за ДСГ при Владата излегува во јавноста со известувања за искуствата и ефектите од примената на ДСГ системот.*

*На ова се надоврза Фисник Ибраими кој кажа дека Комитетот директно комуницира со Владата па и Министерството за здравство нема доволно информации за неговото работење.*

*Трајче Леов ја нагласи сериозноста на проектот за имплементирање на ДСГ системот и побара поголема координираност и заеднички заложби на Фондот, Министерството и Комитетот за да се постигне негова успешна реализација.*

*Снежана Костадиноска Милошеска потсетувајќи дека Фондот не е тој што креира здравствена политика туку управува со средствата на осигурениците, предложи да се побара од претседателот на Комитетот за ДСГ да изготви Информација за примената на ДСГ системот, за да може Управниот одбор да се запознае со нивното гледање на примената на ДСГ системот. Потоа ќе може да се изведат соодветни заклучоци и да се предложат мерки.*

*Останатите членови го поддржаа предлогот, па Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:** Да се побара од претседателот на Комитетот за ДСГ да изготви Информација за примената на ДСГ системот со истакнување на позитивните и негативните искуства, како и да се покани да присуствува на седница на Управниот одбор за да одговара на прашања од членовите.*

***ТОЧКА 3 -** Годишен извештај од извршени ex - ante финансиски контроли во јавните здравствени установи во 2008 година*

*Извештајот од извршените ex - ante финансиски контроли го презентира Ромела Поповиќ Трајкова.*

*Таа наведе дека од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, во јавните здравствени установи, согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој се однесува и на Фондот како и согласно членот 73 од Законот за здравствено осигурување се спроведува ex ante финансиската контрола во ЈЗУ.*

*Ex ante (претходна) финансиска контрола е предвидена и во договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги. Врз основа на договорот Фондот*

*врши контрола во здравствените установи, а тие се обврзани на Фондот да му овозможат вршење на ех анте финансиска контрола и друг вид контрола.*

*Овој вид на контрола има за цел навреме, пред да се случат финансиските трансакции да даде соодветна информација и да му укаже на менаџерскиот тим на здравствената установа и на менаџерскиот тим на Фондот за неправилностите и непочитувањето на законска регулатива која се однесува на соодветната финансиска активност, заради спречување на таквото дејството. Исто така, има за цел да го зајакне процесот на планирање и буџетското работење и почитување на буџетската и финансиска дисциплина во јавните здравствени установи. Ех ante финансиската контрола, врши проверка на точноста и усогласеноста на сите документи кои се однесуват на финансиските активности и создавање на обврските и расходите, со законите, подзаконските акти и интерните акти, одлуки и договори, пред нивно извршување. Ех ante финансиската контрола ја вршат ех ante финансиски контролори врз основа на решенија и овластувања од директорот на Фондот.*

*Предмет на овој вид контрола е да се врши проверка на точноста и усогласеноста на документите кои имаат финансиска импликација со законската регулатива и со својот потпис ех ante финансискиот контролор да ја одобрува исправноста на документите како што се; Стратешкиот план за работа, Годишниот план за работа, Годишниот план за јавни набавки, Буџетот и Финансиските планови, спроведување на постапките за јавни набавки како и извршувањето на договорите за набавка на стоки и услуги, финансиски извештаи, месечните буџетски извештаи кои се доставуваат до Фондот според утврдените буџетски процедури, пресметување, наплата и уплатата на партиципацијата, налозите за плаќање, вработувањата и исплатата на платите и надоместоците, одлуките и другите акти кои имаат финансиски импликации, контрола на економично, ефективно и ефикасно работење во здравствените установи; наменско користење на финансиските средства, остварени од задолжителното здравствено осигурување.*

*Во текот на 2008 година од страна на ех ante финансиските контролори се вршени постојани финансиски контроли во јавните здравствени установи согласно утврдените плански активности на службата, вршена е контрола на состојбата на нивните жиро сметки, заради утврдување на одредени состојби поради настанати блокади во одреден период како и на некои други сегменти од финансиското работење, обврските и друг вид контроли според согледување на контролорот и потреба од подетални согледувања од Фондот.*

*Ја нагласи активноста на ех ante контролорите која беше спроведена во текот на месец октомври и ноември 2008 година која се однесуваше на контрола на платите на менаџерите во ЈЗУ како и нивното ангажирање за утврдување на долговите на ЈЗУ, нивното усогласување со добавувачите и исплатата на истите во текот на месец декември 2008 год. согласно утврдените долгови по добавувачи.*

*Врз основа на добиените извештаи и усните искажувања од ех ante финансиските контролори, искажани на редовните месечни состаноци на службата за ех ante финансиска контрола во Фондот, изготвени се неколку Информации со констатирани состојби, дадени препораки и предлог мерки и искажани се постигнатите ефекти од овој вид контрола.*

*Заради надминување на констатираните неправилности и подобрување на буџетското и финасиското работење во здравствените установи а врз основа на Информацијата изготвен е посебен Акционен план по спроведените ex ante финансиски контроли. Во Акциониот план се дадени поголем број на препораки кои задолжително треба да се исполнат, со рокови за исполнување и извршители кои треба да постапат по истите. Најголем број на дадени препораки се однесуваат на менаџерските тимови на здравствените установи во кои се вршени овие контроли. Информацијата заедно со Акциониот план е доставена до Министерството за здравство, Министерството за финансии и Владата на Република Македонија.*

*Ех анте финансиската контрола пред се има превентивен карактер и во таа насока веќе се постигнати одредени позитивни ефекти во смисла на навремено запознавање на менаџерските тимови со соодветните законски решенија при нивно постапување во сферата на финанското и буџетското работење и одлуките кои имаат финансиски импликации.*

*Во врска со спроведувањето на препораките од Акциониот план и од спроведените ех анте финансиски контроли може да се констатира дека поголем број на здравствени установи ги испочитувале во голем број дадените задолженија со планот, но сепак не е спроведен во целост и од сите здравствени установи за што се налага постапување по другите заклучоци од Владата.*

*Најголемо подобрување има по препораките кои се однесуваат на донесувањето на Годишните планови и Буџетот, усогласувањето на Буџетот со одобрениот плафон од Фондот, доставување на финансиските извештаи како и спроведувањето на јавните набавки) кои ги спровеле најголем број на здравствена установа. Од друга страна најголемо непочитување на задолженијата од Акциониот план имаат здравствените установи за точките 18 и 19 кои се однесуваат за неуплатување на партиципацијата на сметката на Фондот и исплатата на плата на вработените која не е во согласност со Колективниот договор и Спогодбата потпишани од Председателот на гранковиот синдикат за здравство и Министерот за здравство.*

*Исто така, поголемо неспроведување на задолжението има во врска со воведувањето на посебни служби или одговорни лица за планско-аналитички задачи, соодветни обуки, перманентно надградување на знаењето на вработените и воспоставување на соодветните механизми, уредување на посебни постапки и процедури и изготвање на потребни упатства за правилно и навремено постапување за секоја посебна област од буџетското и финансиското работење во јавните здравствени установи. Во споредба со предходните контроли од почетокот на 2008 година постигнато е одредено подобрување на финансиското работење, поголема финансиска дисциплина и отчетност, рациналност и економичност во трошењето на средствата од здравственото осигурување и свесност за отчетност и менаџирање.*

*За одбележување е, како активност на ех ante финансиската контрола, учеството во утврдувањето на долговите на јавните здравствени установи и нивното сервисирање, согласно Заклучоците на Владата на РМ од Триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 како и исплатата на истите од дозначените средства по динамиката утврдена од Фондот.*

*Круна на сите активности ќе биде воведувањето на трезорскиот систем кој ќе треба да стартува на 1 јули. Сите припреми се готови а се чека само законската измена за да се овозможи префрлање на сметките на ЈЗУ во Народна Банка.*

*По излагањето на Ромела Поповиќ Трајкова, Управниот одбор едногласно го усвои Годишниот извештај од извршени ex - ante финансиски контроли во јавните здравствени установи во 2008 година.*

***ТОЧКА 4 -*** *Предлог за изменување на буџетскиот плафон на ЈЗУ Здравствен дом Железничар - Скопје*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во овој дом е извршена трансформација такашто еден дел од дејноста на домот е приватизиран. Соодветно на тоа е предложено намалување на претходно утврдениот плафон од 41.308.761 на 31.870.640 денари.*

*Снежана Костадиноска Милошеска праша за што ќе бидат насочени средствата од намалувањето на што Ромела Поповиќ Трајкова одговори дека ќе бидат искористени при ребалансот на буџетот.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2009 година***

*со која изврши намалување на буџетскиот плафон на јавната здравствена установа Здравствен дом Железничар - Скопје.*

***ТОЧКА 5 -*** *Известување од Бирото за лекови*

*Директорот Јелникар ги запозна членовите на Управниот одбор дека во рамките на постапката за подготовка на измени во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, Фондот се обратил до Бирото за лекови во врска со три прашања за кои биле потребни информации пред да се започне со работа. Од страна на Бирото е добиен несоодветен одговор кој не е на линија на успешна соработка во ажурирање на Листата на лекови. Наведе дека е потребно да се исправат грешките во Листата пред да се појават проблеми а тоа не може да се стори без добра соработка со Бирото.*

*Фисник Ибраими ги запозна членовите дека за Министерството за здравство, предлогот за А и Б листа е прифатлив но дека треба подетално да се разработи. Изрази и подготвеност да се заложи за подобра соработка на Бирото со Фондот во изготвувањето на измените на Листата.*

***ТОЧКА 6 -*** *Предлог за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен*

*член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата*

*Зоран Крајоски објасни дека измената се предлага затоа што според сегашната состојба на критериумите за утврдување на привремена спреченост за работа се обврзани да се придржуваат само лекарите од примарната здравствена заштита. Оваа состојба остава можности за злоупотреба лекарите специјалисти и субспецијалисти. Поради тоа предлагаме со измената во правилникот, критериумите да се однесуваат и на специјалистите и субспецијалистите.*

*Управниот одбор го прифати објаснувањето по што едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за начинот, постапката и поблиските критериуми за утврдување на привремена спреченост за работа поради болест и повреда или потреба за нега на болен член од потесеното семејство и за времетраењето на привремената спреченост за работа во зависност од видот на болеста и повредата***

*со кој на критериумите од член 10 став 1 на Правилникот се должни да се придржуваат и лекарите специјалисти и субспецијалисти при изготвувањето на наодите и мислењата за здравствената состојба на осигуреното лице и упатствата за натамошно лекување, што ги доставуваат до избраните лекари.*

***ТОЧКА 7 -*** *Утврдување на цена на здравствената услуга хемодијализен третман кај хроничната бубрежна инсуфициенција*

*Фисник Ибраими ги запозна членовите на Управниот одбор дека 90 граѓани од подрачјето на Скопје кои се корисници на здравствената услуга хемодијализен третман од Министерството за здравство побарале да се реши проблемот на недоволниот капацитет за добивање на оваа услуга. Поради тој проблем, тие се принудени услугата да ја добиваат во здравствени установи во други места. Министерството во насока на решавање на овој проблем изготви анализа по која работи на проект за воспоставување на јавно-приватно партнерство за отворање на установи кои ќе даваат услуги од тој вид. Министерството од Фондот побара податоци за цената што Фондот може да ја плаќа за хемодијализен третман. Цената што ја утврди Фондот е 4.855 денари. Предлагам Управниот одбор да донесе одлука со која ќе се утврди оваа цена како референтна. Таа цена би се применувала ако проектот за јавно приватно партнерство се покаже успешен, што значи ако се појават заинтересирани приватни субјекти за вложување во оваа дејност. Во таков случај би се применувала таа цена. Доколку пак не се јават заинтересирани инвеститори, би важела сегашната цена.*

*Директорот Тренкоски наведе оти смета дека прашањето за јавно-приватното партнерство за давањето на услугата хемодијализен третман е работа на Министерството и на Владата а Фондот нема ингеренции во тоа. И до Фондот се пристигнати иницијативи за отворање на центри за дијализа од заинтересирани инвеститори, но ние секогаш истакнуваме дека исклучив наш домен е утврдувањето на цената што можеме да ја платиме за давателите на*

*услугата на нашите осигуреници. Изрази и стравување дека утврдувањето на оваа цена како референтна може да предизвика и барања за зголемување на цената и кај други услуги кои се на товар на Фондот.*

*И Снежана Костадиноска Милошеска се согласи дека во делокругот на Фондот и на Управниот одбор е утврдувањето на цената. Прашањето за политиката на инвестирањето во оваа дејност како и за квалитетот на услугите што ги даваат здравствените установи е во надлежност на Министерството за здравство.*

*По ова, предлогот на референтната цена беше ставен на гласање па Управнииот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на референтна цена за хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција***

*со која утврди дека Фондот за здравствено осигурување на Македонија ќе ја плаќа здравствената услуга хемодијализен третман кај хронична бубрежна инсуфициенција на здравствените установи по цена од 4.855,00 денари. Оваа одлука ќе влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство а ќе се применува од 01.10.2009 година.*

***ТОЧКА 8 -*** *Разно*

*8.1 Барање од Министерството за здравство за плаќање на банкарска провизија за јапонскиот грант за Проектот Подобрување на медицинската опрема за примарната здравствена заштита (фаза 2)*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека од Министерството за здравство до Фондот е упатено барање за плаќање на банкарската провизија за јапонскиот грант за подобрување на медицинската опрема за примарната здравствена заштита. Според Министерството, бидејќи опремата од грантот е поделена на јавните здравствени установи, банкарската провизија во висина од 541.617 јапонски јени треба да ја плати Фондот. Во врска со ова барање, сметаме дека во услови кога не постои договор за оваа донација потпишан од Фондот, не постојат услови Фондот да ја плати таа провизија.*

*Фисник Ибраими наведе оти смета дека висината на провизијата не е голема па треба да се најде начин да се плати.*

*Директорот Тренкоски пак истакна дека не е во прашање висината на провизијата туку постоењето на основ за вакво плаќање.*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Фондот да ја плати банкарската провизија доколку е тоа во согласност со прописите кои ја уредуваат положбата и овластувањата на Фондот.*

*8.2 Барање од ЈЗУ Јасеново за корекција на буџетскиот плафон и Предлог од Клиниката за хематологија за ребаланс на буџетот*

*Во врска со овие две барања Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека во тек е прибирање на податоци кои се потребни за месечниот ребаланс, па дури потоа ќе може да се знае ставот на Фондот за барањата на овие две здравствени установи.*

*По ова, Управниот одбор, во 14.40 часот заврши со работата на LII -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Фисник Ибраими***